# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2016 ГОДИНА

Центарот за јавно здравје Скопје во првото тримесечје од 2016 година преку Отсекот за здравствено воспитание при Одделението за Социјална медицина продолжи со промоција на здравјето на населението во Скопскиот регион.
Промоцијата на здравјето се спроведуваше согласно:

- Националната годишна програма за јавно здравје за 2016 година од Министерството за здравство во Р. Македонија,
- Работниот план на Одделението за Социјална медицина при Центарот за јавно здравје - Скопје,
- Според барањата на установите од областа на образованието и
- По барање на општините во градот Скопје и Скопскиот регион за спроведување на превентивно промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението во 2016 година.

Во првото тримесечје во 2016 година беа одржани предавања и трибини во основните и средните училишта, а исто така беа опфатени предучилишните деца и старите лица.

Во основните училишта беа одржани 148 предавања, во средните училишта 264 предавања, беа опфатени и старите лица со две предавања, додека во предучилишните установи беа одржани шест предавања во шест пункта.

Во Одделенито за социјална медицина функционираат и две Советувалишта и тоа (1) за сексуално и репродуктивно здравје и (2) за откажување од пушење.

Во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје се одржани 10 предавања.
Во Советувалиштето за откажување од пушењето се одржани 4 групни предавања и 3 индивидуални едукации .
Исто така, во Одделението за Социјална медицина се одржуваат предавања за основни знаења за безбедност на храната на лица кои ги посетуваат Обуките за

безбедност на храната во кои учествуваат и стручни кадри од другите одделенија од Центарот за јавно здравје Скопје.
За таа цел се одржани 60 предавања.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Аеродром во јавната детска градинка Срничка беа посетени предучилишните деца во шест пункта и тоа: Калинка, Црвенкапа, Изворче, Бамби, Чекорче и Лале. Во споменатите пунктови беа одржани 6 предавања на следните теми: *Лична хигиена* и *Здравствен бенефит од редовни физички активности*.



**ЈДГОА СРНИЧКА - ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 148 предавања со опфат на 3149 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Чаир, Гази Баба, Студеничани, Кисела Вода и Центар во следните училишта:

- О.У. Рајко Жинзифов
- О.У. Григор Прличев
- О.У. Наим Фрашери
- О.У. Кузман Шапкарев

- О.У. Свети Климент Охридски
- О.У. Кочо Рацин и
- О.У. 11 Октомври



**О.У. Кузман Шапкарев, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани  на следните теми:

- *Лична хигиена*
- *Превенција од небезбедна вода за пиење*
- *Исхрана, здрави училишни оброци*
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности*
- *Болести на зависност (Алкохолизам, Наркоманија и Пушење)*

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Во првиот квартал 2016 година, Одделението за социјална медицина започна со реализација на активностите за промоција на здравјето во средните училишта.

За таа цел беа посетени две средни училишта и тоа: СМУГС Панче Караѓозов во општина Центар и СГГУГС Здравко Цветковски во општина Карпош.

Во средните училишта беа одржани 264 предавања со опфат на 3591 ученик. Предавањата беа одржани на следните теми:

- *Здрави училишни оброци*
- *Сексуално преносливи инфекции  и*
- *СИДА*



**СМУГС Панче Караѓозов, ОПШТИНА ЦЕНТАР**

Во општина Центар, во СМУГС Панче Караѓозов, беше одржана и една трибина за Сексуално и репродуктивно здравје односно за сексуално преносливите инфекции, за тоа како младите да се заштитат од несакани здравствени последици.



**СМУГС Панче Караѓозов, ОПШТИНА ЦЕНТАР**

Во СГГУГС Здравко Цветковски во општина Карпош беа одржани предавања за сексуално и репродуктивно здравје и на тема СИДА.






**СГГУГС Здравко Цветковски, ОПШТИНА КАРПОШ**



**СГГУГС Здравко Цветковски, ОПШТИНА КАРПОШ**

## IV Одржување трибини во основните и средните училишта

Во првиот квартал од 2016 година беа одржани 4 трибини во општините Чаир, Студеничани, Центар и Кисела Вода во следните училишта:

- СМУГС Панче Караѓозов
- О.У. Рајко Жинзифов
- О.У. Наим Фрашери и
- О.У. Кузман Шапкарев

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- *Сексуално-преносливи инфекции(1)*
- *Болести на зависност(2) и*
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности(1)*

На предавњата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето.

**V Во состав на одделението по Социјална медицина функционираат две Советувалишта :**

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

Во првото тримесечје од оваа година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 10 предавања на следните теми:

- Сида и
- Сексуално преносливи инфекции

Во Советувалиштето беа поделени 156 кондоми, и исто толку брошури и флаери; на 52 ученика им беа дадени 122 совети.

Учениците беа анкетирани со Анкетен прашалник за нивните знаења, мислења и за тоа на која тема би имале интерес да го посетуваат Советувалиштето во наредниот период.

Исто така, учениците пополнија и Прашалник за евалуација на работата на Советувалиштето.

**Советувалиште за откажување од пушење**

Во првиот квартал од 2016 година клиентите кои ја посетуваат Обуката за основни знаења за бебедност на храната беа анкетирани со Анкетен прашалник за пушењето. Групната едукација се одржуваше на тема за пушењето како ризик

фактор за појава на хронични незаразни болести како последица од долгогодишно пушење. За таа цел беа одржани пет предавања. Во однос на индивидуалните едукации, Советувалиштето го посети само еден клиент, три пати.

Исто така клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, по нивната одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуалната едукација која ја спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

## VI Здравствена едукација на работници

### Обуки за основни знаења за безбедност на храната

Центарот за јавно здравје Скопје континуирано продолжува со одржување на Обуки за основни знаења за безбедност на храната. За таа цел беа одржани 60 предавања. Едукативните предавања беа одржани од специјалисти по социјална медицина, специјалист по хигиена и здравствена екологија, специјалист по епидемиологија, доктори по општа медицина.



**Едукативни предавања за основни знаења за безбедност на храната.**

## VII Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во општина Бутел во месец март од Отсекот за промоција на здравјето, стручно лице ја посети приватната установа за згрижување на стари лица ПУСЗ Жана. За

таа цел беа одржани две  предавања на тема Чување и унапредување на здравјето на стари лица. На предавњата присуствуваа 26 лица кои се згрижени во приватната установа.






Исто така  беа дистрибуирани брошури за здрава исхрана и дадени совети за чување и унапредување на здравјето на старите лица.



## VIII Едукација на вработените во Одделнието за социјална медицина

Од Центарот за јавно здравје Скопје, на 29 февруари 2016 година, во тимот на работната група за подготовка на Локалната стратегија за заштита од ХИВ на Град Скопје и изработка на Акциски план за периодот 2016-2020 година, учествуваше претставник од Одделението за социјална медицина.



## IX Постиран едукативен материјал на веб страната на ЦЈЗ Скопје

На веб страната на ЦЈЗ Скопје е постиран едукативен материјал кој е преземен, преведен и обработен од стручните кадри во Одделнието за социјална медицина, а во интерес на здравјето на населението.

Информациите кои се постирани на веб страната на Центарот за јавно здравје Скопје се на следните теми:

1. Како најдобро можеме да ги заштитиме непушачите од изложеност на чад од цигари
2. Зошто е значаен Светскиот ден за борба против ракот
3. Позитивните емоции и вашето здравје

## X Изготвен едукативен материјал

Во првиот квартал во Отсекот за промоција на здравјето беше изготвена брошура на тема: Превенција од небезбедна храна.

01.04.2016, Скопје

**Изготвил**: Прим. д-р сци. Персида Малинска, специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита